## Влада на Република Северна Македонија

- СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ -

**Архивски број:** 04-3385/10

26-06-2025 **година, Скопје**

Врз основа на член 49 став (2) и член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на РСМ" бр. 96/19, 110/19 и 121/24), член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со Интерен оглас број 01/2025 за пополнување на работно место на административен службеник преку спроведување на постапка за унапредување во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија бр. 04-3385/1 од 02.06.2025 година, Записникот од административна селекција за интерен оглас бр. 04-3385/7 од 24.06.2025 година на Комисијата за селекција за унапредување, Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр. 04- 3385/8 од 25.06.2025 година (во натамошниот текст: Комисијата) и Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат бр. 04-3385/9 од 25.06.2025 година, директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Службата), ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за унапредување по Интерен оглас број 01/2025**

**1.** По објавениот Интерен оглас број 01/2025 за пополнување на работно место на административен службеник преку спроведување на постапка за унапредување во Службата, објавен на веб страната на Службата и на веб страната на Агенцијата за администрација на РСМ на ден 10.06.2025 година, за работно место Самостоен референт за книговодство на материјално-финансиско работење во Одделение за сметководство и плаќања при Секторот за финансиско-сметководствено работење, со шифра УПР 01 01 Г01 000, ниво Г1, звање: Самостоен референт – 1 (еден) извршител, се избира следниот кандидат:

- **Данче Шопова.**

**2.** Избраниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од точка 1 од оваа Одлука, по конечноста на оваа Одлука, за што директорот на Службата ќе донесе посебно решение за унапредување на административен службеник.

**3.** Одлуката за избор на кандидат за унапредување ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на веб страната на Службата.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

На ден 10.06.2025 година на веб страната на Службата и веб страната на Агенцијата за администрација на РСМ, се објави ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2025 за пополнување на работно место на административен службеник преку спроведување на постапка за унапредување во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија заверен со бр. 04-3385/1 од 02.06.2025 година, за унапредување на 1 (еден) извршител на работно место Самостоен референт за книговодство на материјално-финансиско работење во Одделението за сметководство и плаќања при Секторот за финансиско-сметководствено работење.

Со Решение со бр. 04-3385/6 од 23.06.2025 година, директорот на Службата формира Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас број 01/2025, која во законски предвидените рокови ја спроведе постапката за унапредување, односно ги спроведе двете фази: административна селекција и интервју со кандидатите.

По спроведената административна селекција Комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас со бр. 04-3385/7 од 24.06.2025 година, со прилог: Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју. Во Записникот е наведено дека на ден 24.06.2025 година, во 11:30 часот, во просториите на Агенцијата за администрација на РСМ започнала административна селекција за интерниот оглас број 01/2025, објавен на 10.06.2025 година на веб страната на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ и на веб страната на Агенцијата за администрација на РСМ, за работното место Самостоен референт за книговодство на материјално-финансиско работење во Одделението за сметководство и плаќања при Секторот за финансиско-сметководствено работење, при што Комисијата констатирала дека на интерниот оглас се пријавил 1 кандидат кој доставил уредна документација и истиот продолжува на интервју. Во Списокот на уредни и неуредни кандидати, како уреден кандидат е наведена Данче Шопова, неуредни кандидати нема, а во Ранг листата на кандидати кои продолжуваат на интервју е наведена исто така Данче Шопова.

По спроведеното интервју со кандидатот Комисијата состави Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со бр. 04-3385/8 од 25.06.2025 година, со прилог: Список на кандидати со кои е спроведено интервју и Формулар за евалуација на кандидатот. Во Записникот е наведено дека на ден 25.06.2025 година, во 10:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација на РСМ започнало да се спроведува интервју за интерниот оглас број 01/2025, објавен на 10.06.2025 година на веб страната на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ и на веб страната на Агенцијата за администрација на РСМ, за работното место Самостоен референт за книговодство на материјално-финансиско работење во Одделението за сметководство и плаќања при Секторот за финансиско-сметководствено работење, при што Комисијата констатирала дека кандидат кој бил уредно поканет на интервју и кандидат со кој било спроведено интервју е Данче Шопова. Во Списокот на кандидати со кои е спроведено интервју, исто така е наведена Данче Шопова со освоени вкупно бодови од интервју 75, а

во Формуларот за евалуација на кандидатот Данче Шопова се утврдени следните бодови: вкупен просек за прашања од посебни работни компетенции – 30 бодови, вкупен просек за прашања од општи работни компетенции – 30 бодови и вкупен просек за мотивациони прашања – 15 бодови, односно вкупен просек од вкупно бодови: 75 бодови.

Врз основа на вкупно освоените бодови од административната селекција и спроведеното интервју, Комисијата подготвила Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат со бр. 04-3385/9 од 25.06.2025 година, во која е констатирано дека врз основа на член 5 став (10) од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас, Комисијата за унапредување изготвила Предлог одлука и пристапила кон изготвување на финална ранг листа од интервјуираните кандидати и му предлага на раководното лице на институцијата да донесе одлука за избор на прво рангираниот кандидат и тоа за работно место Самостоен референт за книговодство на материјално-финансиско работење во Одделение за сметководство и плаќања при Секторот за финансиско-сметководствено работење, со шифра УПР 01 01 Г01 000, ниво Г1, звање: Самостоен референт – 1 (еден) извршител, со реден број 1. Данче Шопова, со освоени бодови од административна селекција 14,15, освоени бодови од интервју 75 и Вкупно освоени бодови 89,15.

Согласно сето погоре наведено, а врз основа на Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат со бр. 04-3385/9 од 25.06.2025 година, директорот на Службата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.**

**Служба за општи и заеднички работи на**
**Владата на Република Северна Македонија**
**ДИРЕКТОР**
**м-р Ивица Томовски**

Подготвил: Александра Антевска
Контролирал/Одобрил: Љупчо Димитровски

Доставено до:
- Именуваниот административен службеник;
- Сектор за управување со човечки ресурси;
- Одделение за информатичка поддршка и технологија;
- Архива.